Врз основа на член 10 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) министерката за образование и наука, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 04-8701/19
05 AUG 2025
20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ОДЛУКА
**за избор на 1 извршител - кандидат за вработување по јавен оглас**

1. По јавниот оглас број 655/2025 за вработување на административен службеник во Министерството за образование и наука, објавен во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, од Предлогот за вработување на кандидати за работното место **Самостоен референт за персонална евиденција, Одделение за вработување, унапредување, мобилност и права од работен однос, Сектор за управување со човечки ресурси....................1 извршител,** се избира следниот кандидат:

   **- Марина Станојковска**

2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 01.07.2025 година во дневните весници „„Слободен печат", „Вечер" и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за образование и наука, за работното место **Самостоен референт за персонална евиденција, Одделение за вработување, унапредување, мобилност и права од работен однос, Сектор за управување со човечки ресурси....................1 извршител**.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, Бр.10-1566/5 од 07.07.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, Бр.10-1566/7 од 31.07.2025 година донесени од страна на директорот на Агенцијата за администрација.

На ден 18.07.2025 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник заведен под бр.10-1566/6 од 18.07.2025 година, по што на ден 01.08.2025 година, Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр.10-1566/8 од 01.08.2025 година.

На ден 04.08.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју на административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр.10-1566/9 од 04.08.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата, на ден 05.08.2025 година до Министерството за образование и наука доставена е Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати по јавниот оглас бр.655/2025 година, со архивски бр.10-1566/10 од 04.08.2025 година на работно место Самостоен референт за персонална евиденција, Одделение за вработување, унапредување, мобилност и права од работен однос, Сектор за управување со човечки ресурси.

Согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници, „Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3), или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор."

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, министерката за образование и наука изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф. д-р Весна Јаневска**

Изготвил: Маја Јовановиќ
Одобрил: Александра Анчева
Согласен: Славица Мирческа Атовска

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива